# НАШАТА ВИЗИЈА ЗА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА




**Нашата визија за Македонска Каменица:**

Современа и модерна општина.
Општина - вистински сервис за граѓаните.
ВМРО – ДПМНЕ има потенцијали да се справи со сите предизвици кои ги носи новото време.
Чекориме напред.
Градиме современо општество.
Градиме иднина на нашите деца.
Економскиот развој и напредокот на Македонска Каменица е наш основен предизвик.
Македонска Каменица – општина на оптимизмот и вербата во успехот, место кадешто младите ќе сакаат да ја градат својата кариера и семејство.
Да бидеме пример за останатите општини во Македонија.
Тоа е наша должност кон идните поколенија во Македонска Каменица.
ВМРО – ДПМНЕ има моќ, знаење и сила да ја направи Македонска Каменица пристојно место за живеење, мресто кое може да се носи со сите предизвици на денешницата.
Овие избори се за твојот град!
Овие избори се за твоето место!
Дали тоа може да биде подобро и поуредно?
Се разбира дека може!
Дали ние можеме да направиме повеќе?
Се разбира дека можеме!
Но, не без тебе!
Не без твоите идеи, поддршка, верба и енергија. Овие избори те повикуваме да ни се придружиш.
Затоа на овие избори нашата порака до секој, без разлика на вера и нација е:
Заедно можеме повеќе!

Со почит,
Кандидат за градоначалник,
**Дарко Митевски**

ЗАЕДНО
МОЖЕМЕ
ПОВЕЌЕ

## НАШИТЕ ПРИОРИТЕТИ

- Подршка во основање на индустриска зона за развој на малото стопанство;
- Реконструкција на водоводна мрежа;
- Изградба на нови социјални станови;
- Реконструкција на здраствен дом со проширување и осовременување;
- Изградба на градски плоштад;
- Асфалтирање на патишта во селата: Ристовска маала, Требеш, Капетанска маала, Перекопо, Селиште, Гребен, Перчаци, Далевци и Чутуранци;
- Водоснабдување и изградба на водоводни и канализациони мрежи за селата;
- Изградба на современа полициска станица;
- Дислокација и изградба на современ градски пазар.

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Општината е одговорна за локалниот развој на својата територија, што подразбира планирање и водење на развојна економска политика, подршка на малите и средни претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Наша основна цел е забрзан локален економски развој и унапредување на квалитетот на живеење на сите жители.
Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Изработка на студија за можностите за инвестирање во општината;
2. Отворање на канцаларија за поддршка на локалниот економски развој, помош при самовработување и издавање брошури со идеи и можности за самовработување;
3. Поддршка на инвеститорите во рудникот Саса и  донесување развојна програма.Изработка на елаборат за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и преработувачки капацитети;
4. Изработка на Програма за комплетно истражување и планска експлоатација на минералните ресурси;
5. Проект за мини хидроелектрана;

## ПРОЕКТ: "МРЕЖА – РАЗВОЈ +"

Целта на овој проект е Зголемување на бројот на високообразовани кадри, квалифицирани млади луѓе на пазарот на труд. Невработеноста на младите луѓе која придонесува за т.н. "одлив на мозоци" е еден од носечките проблеми со кои се соочуваат одделни општини во Република Македонија. Во таа смисла, преку имплементацијата на овој проект ќе се воспостави on-line база на податоци, која ќе се состои од две компоненти: Првата компонента ќе содржи податоци за млади образовани  луѓе, а ќе им се  помогне да се промовираат на пазарот на труд, со што значително ќе се намалат трошоците за барање работа во самите фирми. Другата компонента ќе треба да им помогне на претприемачите, во огласувањата за слободни работни места, мозностите за стажирање. Како дел од овој проект предвидени се и конкретни програми за обуки наменети за штотуку дипломираните кадри.

## ПРОЕКТ: "РАБОТЕН ИНКУБАТОР"

Целта на овој проект е подршка и развој на работните односи во помалите општини преку создавање работни можности за младите луѓе. Работниот инкубатор ќе биде сместен во просторија што ќе ја обезбеди самата општина, а ќе се користи без паричен надоместок. Работниот инкубатор ќе овозможи целосна подршка на новосоздадените фирми како и на фирмите во развој, вклучувајќи тука, менаџерски, технички, и советодавни услуги, користење на работниот простор, уредите, опремата. Инкубаторот ќе биде во можност да опслужува истовремено 5 до 7 мали и средни претпријатија. Како еден од условите за користење на работниот инкубатор, претприемачите ќе мораат да вработат определен број млади луѓе и да воспостават програма за стажирање. Овие активност би се регулирале со Договор. Исто така, овој проект ќе се реализира во соработка со определени здруженија на граѓани кои работат во оваа област.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образовните институции е сигурен пат за развој на нашата општина. Во рамките на нашите надлежности, целосно ќе ја поддржиме имплементацијата на образовна политика на Владата на Република Македонија на локално ниво. Наша цел е изградба на современ образовен процес што ќе придонесе во создавање на конкурентна работна сила, привлечна за домашните и странските инвеститори.
Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период че бидат:

1. Реконструкција на ОУ "Кирил и Методиј" во Македонска Каменица, со поддршка од Владата на Република Македонија;
2. Инсталирање на 244 компјутери за учениците во основните училишта со неопходната опрема, со поддршка од Владата на Република Македонија;
3. Отворање на средно училиште;
4. Набавка на училишен автобус, со поддршка на Владата на Република Македонија;
5. Основање на фондација за наградување на талентирани ученици;
6. Реконструкција на азбесни кровови во сите училишта и уредување на училишните дворови.

### ПРОЕКТ:"Е-УЧИЛИШТЕ"

Идната општинска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ во функција на натамошно осовременување на образованието, согласно одделните потреби, можности и специфики, а врз основа на компаративните искуства во општините на европските држави, до 2011 година ќе го реализира проектот "е-училишта". Преку овој проект ќе им се овозможи на граѓаните од својот компјутер преку Интернет врска да имаат целосен увид во официјалните податоци кои се внесуваат за учениците, какви што се отценките на учениците, нивната редовност на часовите и други училишни активности на учениците.

## ПРОЕКТ: "ОПШТИНАТА ГИ СТИПЕНДИРА НАЈДОБРИТЕ"

Идната општинска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ согласно капацитетите, можностите и потребите на единиците за локалната самоуправа во првата година од мандатот во соработка со приватниот сектор и странските донатори ќе основа фонд со кој секоја година ќе се стипендираат најдобрите ученици , средношколци и спортисти. Споменато е во функција на натамошно јакнење на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието, но, исто така, и во насока на поттикнување на претприемачкиот дух и конкуренцијата, која секогаш раѓа нов квалитет.

## ПРОЕКТ: "ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА"

Проектот предвидува формирање на стручно советувалиште во општините за планирање на кариера. Претставници од ова советувалиште ќе бидат вклучени во изработката на образовните планови и програми. Ова советувалиште ќе има за цел да им дава консултации и совети на учениците од завршните одделенија во сите средни школи на определена општина. Со цел да се подобри нивниот професионален развој, експертски тимови (педагози, психолози, наставници, претставници од Агенцијата за вработување, професори итн.)ќе разговараат со учениците за нивната визија за идно вработување, со цел и на тој начин да се потврдат нивните очекувања и размислувања за пазарот на труд. Проектот, од една страна ќе им помогне на младите да го препознаат својот сопствен капацитет, додека од друга страна, локалната администрација ќе ги има потребните информации, кои ќе може да ги искористи за развивање на своите политики за отворање нови работни места, кои ќе се усогласат со тековните потреби на општеството.

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Поволните услови за производство на здрава храна се значаен економски потенцијал за општината. Наша цел е заживување на руралните средини преку финансиска поддршка на земјоделците и едукација за можностите и потенцијалите на новите замјоделски култури.
Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Поддршка од општината за производство на еко-храна и издавање брошура за информирање на земјоделците;
2. Анализа на почвите во селските средини;
3. Преземање на активности за поддршка на откупот на земјоделски производи;
4. Изработка и имплементацијата на стратегија за рурален развој;
5. Изработка на студија за развој на пчеларство;
6. Изработка на студија за евиденција и заштита на земјоделско земјиште;
7. Едукација на земјоделците за контролирана употреба на агрохемикалиите во земјоделството и штетноста од нивна прекумерна употреба.

## ПРОЕКТ: "ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА СЕЛАТА"

Република Македонија во рамките на достапните европски фондови треба да посветат посебно внимание на развојот на земјоделството. Во таа смисла идната општинска администрација на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со Владата на Република Македонија ќе ги обучува земјоделците за подготовка на проекти за користење на расположливите средства од претпристапните европските фондови , за изградба на преработувачки и производни капацитети.

## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Решавањето на урбанистичките проблеми ќе даде нов и современ изглед на општината. Наша цел е да водиме одговорна, мудра и долгорочна градежна политика.
Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Ревидирање на ГУП и ДУП;
- Создавање услови за отворање на индустриска зона Луковички рид за развој на малото стопанство;
- Планирање на мултифункционален бизнис центар.

## СООБРАЌАЈ

Современа патна инфраструктура е еден од основните услови за развој на општината, како и услов за привлекување нови инвестиции. Со изградбата на модерни патишта и поврзување со соседните општини и меѓуграничната инфраструктура, се создава можност за развој на целиот регион.
Нашите најважни проекти , во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Создавање услови за привлекување инвестиции за отворање на станица за технички преглед на возилата;
2. Дополнување на третата лента на патот Кочани – Каменица – Делчево;
3. Изградба на полигон за авто-школа;
4. Создавање  услови за функционирање на автобуската  станица;
5. Уредување на паркинг-простор;
6. Изградба на автобуски постројки во сите селски средини.

## ПРОЕКТ: "СЛОБОДЕН ПАРКИНГ-ПРОСТОР"

Управувањето со паркинзите спаѓа во менаџментот на секоја општинска администрација. Оттаму, идната општинска администрациј предводена од ВМРО-ДПМНЕ во првата година од мандатот ќе дефинира Стратегија за управување со градските паркиралишта и ќе обезбеди нејзино спроведување. Стратегијата би ги дефинирала: а) Условите за паркирање; б) Поставување знакови за известување во врска со режимот на користењето на паркингот; в) Наплата на такса и контрола на наплатата за користење на паркингот; г) Контрола при користење на јавните паркинзи; д) Отстранување и чување на возилата на посебно одредени локации; ѓ) Одржување на јавните паркиралишта (чистење, миење); е) Отстранување на неисправни и нерегистрирани возила.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Новата општинска администрација значајно внимание ќе посвети на заштитата и унапредувањето на животната средина, решавање на локалните еколошки проблеми и создавање на здрава околина за идните генерации.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Класифицирање на отпадот и дислокација или осовременување на градска депонија;
2. Поставување на филтер-станица на Каменичка река и отстранување на седиментите заради подобрување на квалитетот на проточните води;
3. Набавка на канти и контејнери за отпад со подршка од Владата на Република Македонија;
4. Изработка на проект за интегрирано управување со отпад, со подршка од Владата на Република Македонија;
5. Изработка на студија за воспоставување континуиран мониторинг на проточните води на реката Каменичка и Брегалница и ХЕЦ Калиманци;
6. Пошумување на сливните подрачја на реките и преземање на технички зафати и други мерки за заштита од ерозија;
7. Воспоставување заштитни зони околу изворите на вода за пиење во д.Саса;
8. Формирање на општинско работно тело за заштита на животната средина;
9. Усогласување на општинската регулатива со законите од областа на животната средина;
10. Подигање на јавната свест на населението за заштита на животната средина преку спроведување на кампањи, обуки и поддршка на невладиниот сектор.

## ПРОЕКТ: "НУЛА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ"

Проектот е замислен така што во секое населено место да се одреди локација каде би можел да се депонира отпадот. Во ваквата акција да се вклучат сите фирми кои се занимаваат со ваквата дејност како и сите фирми и граѓани кои се во состојба да помогнат за целосна реализација на акцијата. Исто така, преку јавен оглас треба да се повикаат сите граѓани врз основа на доброволна работа да земат учество во реализација на проектот. По завршување на проектот да се информираат граѓаните за преземените активности за секоја средина. После тоа инспекциската служба да врши редовна контрола, а во случај за непочитување на прописите да се спроведуваат законските санкции.

## ТУРИЗАМ

Традиционалните селски обичаи карактеристични за овој крај, можноста за запознавање со воената историја на регионот, начинот и местото на живеење на Саските племиња, животот на Јаков од Камена Река, археолошкиот локалитет Калата од римскиот период се само дел од богатата туристичка понуда на Македонска Каменица. Наша цел е промовирање на културните вредности, убавините на Осоговието и Руенот, како и развој на планинскиот, селскиот и алтернативниот туризам.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Проект Руенско село,
2. Развој на селски туризам Саса;
3. Развој на спортски риболов;
4. Развој на езерски туризам;
5. Издавање на водич и туристичка карта на Македонска Каменица.

### ПРОЕКТ: "ТУРИЗАМ"

Идната општинска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во првата година од мандатот ќе издвои средства за основање туристички инфо центри. Во нив, претходно обучените општински туристички водичи ќе ги запознаваат туристите со знаменитостите на Општината, нејзините економски капацитети, како и со останатите информации, кои го обликуваат карактерот на локална заедница.

# КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Вложувањата во комуналната сфера ќе бидат рамномерно насочени на целата територија на општината во насока на трајно решавање на проблемите со водоснабдувањето.

## Водоснабдителни станици

Со цел подобрување на квалитетот на водата за пиење, ќе извршиме реконструкција на водоснабдителните системи во општината, како и изградба на нови водоснабдителни системи.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа;
- Изградба на секундарна водоводна мрежа за с. Дулица во соработка со Владата на Република Македонија;
- Изградба на водоснабдителни системи за сите села во општината;
- Изработка на елаборат за можни нови извори на вода за пиење;
- Изработка на приемен базен за вода за пиење од десната страна на Каменичка река;
- Санација и чистење на постојните базени за вода.

## Канализациски системи

Општината не смее да дозволи со запоставување на инвестициите во канализациските системи да го загрози здравјето на луѓето. Затоа, еден од приоритетите ќе биде реконструкција и изградба на нови канализациски системи.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Изградба и поврзување на целата канализациска мрежа со прочиствителна станица;
- Изградба и реконструкција на атмосферска канализација;
- Изградба на канализациска мрежа за Стара Каменица;
- Доизградба на заштитен канал за површински води.

## Асфалтирање на улици

Ќе се залагаме за поголема урбанизација, изградба и санирање на улиците заради подобрување на квалитетот на животот во сите делови на општината.

Нашите најважни  проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Асфалтирање на улиците "Македонска", "Гоце Делчев", "Нова Каменица", улиците до полициска станица и делот од кејот на Каменичка река;
- Асфалтирање на улици во Сува, Струјовска, Грчка, Ситновска и Валевичарска Маала;
- Реконструкција на стари улици во централно градско подрачје;
- Асфалтирање на улиците во селски средини: Саса 1, Саса 2, Дулица, Тодоровци, Луковица и Моштица, Цера 1, Цера 2, Косевица, Костин Дол;
- Тековно одржување на локалните патишта.

## Уредување на тротоарите

Нашите најважни проекти, во функција на зголемување на безбедноста на пешаците во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Расчистување и експропријација на простор за тротоари;
- Реконструкција на тротоарите во централното подрачје.

## Уредување на паркови и нови зелени површини

Со цел разубавување на Општина Македонска Каменица, новата општинска администрација ќе вложува за разубавување и уредување на општината. Нашата цел е поубава и позелена Македонска Каменица.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Системи за наводнување на парковите во централното градско подрачје;
- Уредување на делот околу Каменичка рекаљ и спортско - рекреативниот центар;
- Хортикуларно уредување на сите паркови;
- Соработка со невладините организации и преземање на активности за подигнување на свеста за значењето на зелените површини.

## Уредување на улично осветлување

Приоритет на Општина Македонска Каменица е поставување на улично осветлување во местата кои не се осветлени и замена на постојаното осветлување со нови економични светилки.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Замена на целокупното осветлување со економични и штедливи светилки;
- Осветлување во селските средини;
- Осветлување на влезот и излезот на градот и кејот;
- Изработка на елаборат за економично и квалитетно осветлување.

## ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

Информатичката технологија и едуцираноста на граѓаните е од посебно значење за развој на општината и за зголемување на конкурентна работна сила.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Спроведување на безплатни обуки за информатичка технологија во соработка со Владата на Република Македонија;
- Разгледување на можноста за обезбедување безплатен Интернет за граѓаните;
- Поддршка за отварање на локална радио -телевизија;
- Имплементација на проектот Е – Општина.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Посебно внимание ќе посветиме на социјално – маргинализираните лица, лицата со посебни потреби, нерешен социјален статут и старите и изнемоштени лица. Со преземање на активности од областа на социјалната заштита ќе влијаеме врз поттикнување на хуманоста кај граѓаните.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Адаптација на објекти за сместување на стари лица и отварање на старски клубови, со поддршка на Владата на Република Македонија;
- стимулирање на локални претпријатија за регистрација во мРегистарот на заштитни претпријатија, со поддршка на владата на Република Македонија;
- Изградба на пристапни рампи за лица со посебни потреби до сите јавни објекти, со поддршка на Владата на Република Македонија;
- Отворање на советувалиште за превенција од дрога и други психотропни супстанци за младите, со поддршка на Владата на Република Македонија,
- Изградба на стамбен објект со вкупно 29 социјални станови во соработка со Владата на Република Македонија;
- Социјални пакети за сиромашни и социјални семејства;
- Поддршка на работењето на здружението на пензионери и здружението на трудови инвалиди.

# КУЛТУРА

Потребата за културни институции и унапредувања на културниот живот во Општината Македонска Каменица се наметнува како неодложна грижа на локалната самоуправа.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Реконструкција и доградба на киносалата и оформување како Културен дом и поддршка на културно - уметничките друштва.;
- Изградба на споменици и уредување на паркот на паднатите борци;
- Обнова и уредување на споменикот на Вера Јоциќ во с.Саса;
- Обнова на книжниот фонд во градската библиотека;
- Издавање на општински весник.

## МЛАДИ

Локалната самоуправа има особено голема улога во подобрувањето на условите за живот на младите луѓе, нивна едукација за општествените вредности, како преземање на мерки за превентивно делување и оттргнување на младината од пороците на денешницата. Во таа насока, наши најважни проекти во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Уредување на современ детски парк;

2. Формирање на младински културен центар.

### ПРОЕКТ: "СЕРВИСЕН ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ"

Целта на овој проект е воспоставување соработка помеѓу младите луѓе од државата со млади кои живеат во странство. Контактите ќе бидат воспоставени преку креирање Интернет страница со on-line база на податоци. Целта е да се стимулираат младите кои ја напуштиле државата, повторно да воспостават контакти со нивните врсници кои живеат во државата. Исто така, сервисниот центар ќе организира и активности во кои би се вклучиле младите луѓе кои што ја наљпуштиле државата. Главен настан на проектот ќе биде организирање годишен фестивал т.н. Летен камп. Дополнително, сервисниот центар за младите ќе ги промовира и можностите за вработување, одржувајќи контакти меѓу нив, работни совети. Центарот, исто така, ќе дистрибуира информации за стажирање како и можностите за вработување.

### ПРОЕКТ: "БИДИ ВОЛОНТЕР"

Целта на овој проект  е да се промовира волонтерската активност / работа помеѓу младите луѓе во рамките на постојаната законска регулатива. Тоа ќе се постигне преку низа активности со кои на младите ќе им бидат истакнувани предностите на волонтирањето. Врз основа на добиените сознанија од претходно спроведено истражување на јавното мислење помеѓу младите од средните училишта во повеќе градови, ќе се спроведе кампања за подигнување на јавната свест за можностите и предностите за вклучување во волонтерската работа.

## ПРОЕКТ: "МЛАДИ ВО АКЦИЈА"

Проектот опфаќа формирање на информативен центар во кој ќе се може да се добијат поконкретни информации за пазарот на трудот, можностите за вработување, обуки за претприемачи, контакти со одговорните владини претставници кои работат на оваа проблематика . Исто така, информативниот центар ќе овозможи давање совети за младите, со цел да ги истакнат своите капацитети, активно да бараат работа. Според преземените активности ќе се изготви база на податоци за вработување и можности за обука, вебстраница како и излегување од печат на Билтен кој ќе ги содржи сите конкретни информации.

## ПРОЕКТ: "ОПШТИНАТА ЗА МЛАДИТЕ"

Идната општинска администрација на ВМРО-ДПМНЕ согласно капацитетите, можностите и потребите на единиците за локалната самоуправа, во првите 100 дена по завршувањето на локалните избори ќе изготви сеопфатна стратегија за организирано и долгорочно водење на младинската и на спортската политика. Во таа функција ќе се субвенционираат спортски, образовни и културни програми (натпревари, филмови, трибини, книги и др.), во соработка со Владата на Република Македонија, ќе се реконструираат и осветлуваат спортски игралишта во основните училишта, ќе се промовираат алтернативните облици на културно изразување на младите преку финансиска помош од општините, како и преку предвидување соодветен простор, каде ќе може да се одржуваат нпроби, вежби или друг тип подготвителени активности.

## ПРОЕКТ: "КУЛТУРНО – ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР"

Целта на овој проект е едукација и промовирање на културните вредности на локалната заедница со цел постучен развој на младите. Таа функција ќе му биде доверена на Културно-едукативниот центар, во чии рамки ќе се организираат обуки за странски јазици, семинари за превенција од заразни болести, за сексуалното и репродуктивното здравје, ненасилна комуникација при решавањето на конфликтите (Трансцендетален метод), јавна промоција, промоција на европските норми, што поголемо здружување на младите луѓе за остварување на заедничките вредности на локално ниво. Центарот ќе биде сместен во просторија која ќе ја обезбеди општината без закупнина.

# СПОРТ

Наша основна цел во оваа област е континуирана соработка и поддршка на спортските клубови и создавање на што поповолни услови за професионални и рекреативни спортски активности на граѓаните.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Рестартирање на постојните терени;
2. Поддршка на фудбалскиот клуб;
3. Осовременување на спортско-рекреативниот центар;
4. Изградба на тениско игралиште во соработка со Агенцијата за млади и спорт.

## ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Општината ќе посвети поголемо внимание на овој сегмент на локално ниво, пред се заради превентивно дејствување и намалување на ризиците од пожари.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

1. Набавка на нови возила;
2. Редовни обуки во училиштата за противпожарните апарати.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Наша основна цел во оваа област е збратимување со општини надвор од нашата земја, како и развој на соработката со населените места од Република Бугарија.

# ОПШТИНАТА - СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

## ПРОЕКТ: "СОВРЕМЕНА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА"

Главна цел на овој проект е да се продлабочи и поедностави комуникацијата помеѓу граѓаните и локалната самоуправа. Затоа потребно е формирање на ефикасна информативна служба. Во конкретна смисла тоа претпоставува на видно место да се постави т.н. "општинска рецепција", каде што граѓаните ќе можат да ги доставуваат своите поднесоци (писмено или усно), а одговорот да го добијат веднаш или најдоцна во рок од три дена. Истовремено, на ова место граѓаните ќе можат да ги добијат сите документи кои се во надлежност на локалната самоуправа.

Исто така, во функција на создавање предуслови за олеснета комуникација, пред седиштата на општината ќе се постават т.н. "поштенски сандачиња за граѓаните" каде што граѓаните ќе можат да доставуваат писма со свои прашања и идеи до локалната администрација, која, пак ќе биде должна да ги разгледа и да одговори на истоте во најкраток рок. Преку воведувањето на електронско (on-line) пополнување и поднесување на документите, граќаните ќе можат побрзо да ги добиваат услугите од општината.

## ПРОЕКТ: "ОПШТИНА ДОСТАПНА 24 ЧАСА"

Граѓаните преку телефонски повик, преку смс порака или преку испраќање електронска e-mail порака до општинската администрација за јавен проблем од областа на осветлувањето, јавната чистота и други надлежности од делокругот на локалната администрација, ќе можат да ја информираат општината, која во рок од 24 часа ќе биде должна да го раши конкретниот проблем.

## ПРОЕКТ: "ISO 9001: 2000 ОПШТИНА"

Идната општинска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе воведе нови стандарди во начинот на работата и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорност и систем на контрола, кој беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните. Затоа, во текот на мандатот ќе ја стандардизираме работата на општинските администрации и во рок од две години ќе го имплементираме и сертифицираме стандардот за квалитет ISO 9001:2000.

## ПРОЕКТ: "ОДГОВОРНИ УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ"

Остварувањето нма целта за подобро етаблирање на месните заедници, идната општинска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе го реализира преку:
а) воведување на функција менаџер – координатор за работа во месните заедници, како лица кои ќе бидат одговорни за воспоставување меѓумесна комуникација и асистирање при изработка на проекти кои се финансираат од буџетски средства; б) распоредување на буџетски средства според проекти од месните заедници; в) професионално ангажирани лица во месните заедници за извршување на задачи од делокругот на локалната самоуправа; г) унапредување на образованието, културата и спортот; д) формирање единствен информатички систем за сите месни заедници.